Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) денес, 17 октомври 2013 г. (четврток) во х. Холидеј ин, Скопје, организираше дебата на тема „Дискриминација по основ на пол“.

Во своето воведно обраќање, **Савка Тодоровска, претседателка на** **Националниот совет за родова рамноправност** **(НСРР)** зборуваше за актуелната состојба на жените во општеството. Во поглед на претставувањето на жените во институциите, таа истакна дека 34% од членовите на Собранието на РМ се жени, а Владата има две министерки. Во општинските совети жените се застапени со 26,8%.



Во поглед на нивната економска состојба, Тодоровска истакна дека проблемот на невработеност повеќе ги погодува жените отколку мажите, па така, на крајот од 2012 година **стапката на вработени жени била 39%, за разлика од 61% кај мажите**. Надвор од тоа, **само 4% од вработените жени се сопственички на бизнис, а само 11% примаат плата над просечната**.

Зборувајќи за жените од руралните средини, Тодоровска рече дека тие не можат да користат субвенции од државата бидејќи „**само 2% од нив во руралните средини се сопственички на земјиште**“, и додаде дека само 4% од жените имаат финансиска заштеда, а 5% се сопственички на станбен простор.

Сепак, Тодоровска вели дека **постои напредок** но дека треба уште да се работи за подобрување на положбата на жената. Таа смета дека проблеми има во општествената свест за дискриминацијата по основ на пол, па и кај самите жени кај кои традиционалната улога е длабоко вкоренета.



Воведни излагања имаше и **Ленче Коцевска, член на** [Комисијата за заштита од дискриминација](). Таа се осврна на улогата и на работата на Комисијата. Коцевска истакна дека во 2011 година биле поднесени 60 до Комисијата, а во 2012 година тој број пораснал на 75. Од нив, во 2011, три биле по основ на пол, а две по основ на род. Во 2012 биле поднесени вкупно **пет претставки по основ на пол**, а за изминатите **девет месеци во 2013 година тој број е шест**. Најголем број од претставките се за Скопје (44) и најчесто се поднесени против правни лица. Жените поретко се појавуваат како подносители на пријави.

Во дискусијата која што се водеше потоа, беше констатирано дека дискриминацијата по основ на пол постои и дека е потребно барањето за промени и активностите да ги иницираат и водат самите жени.

Целта на дебатата беше да се презентира моменталната состојба во Македонија, европските искуства и практиките на дискриминација по основ на пол. Настанот го фасилитираше Валентина Чичева од МЦМС.

Дебатата е дел од проектот „Од норма до пракса за еднаквост“ што го спроведува МЦМС во партнерство со Полио плус – движење против хендикеп, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот е поддржан финансиски од Европската Унија преку програмата Прогрес (2007-2013).